## СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

# Граѓанските организации известија за напредокот на полето на родова еднаквост и дискриминација врз жената пред соодветниот Комитет на ООН во Женева

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ-ЕСЕ и Здружението Акција Здруженска, следејќи ја праксата на постојан мониторинг на женските човекови права и известување за состојбите пред соодветните меѓународни и регионални тела, подготвија **извештај во сенка** кон **Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените (КЕДЖ)**[1] и земаа учество на 54 седница, каде ги презентираа состојбите во земјава. Ова е втор пат Република Македонија да известува пред овој Комитет, задолжен за следење на имплементацијата на **прогресот**[2] **на полето на родовата еднаквост и дискриминација врз жената**. Извештајот во сенка беше подготвен со помош и соработка на **дванаесет граѓански организации**.

Од правната анализа и утврдена состојба за напредокот на полето на родова еднаквост и заштита од дискриминација во Македонија може да се извлечат следниве генерални констатации:

**1.Незначителен е напредокот во однос на хармонизирање и имплементација на законите кои се однесуваат на родовата еднаквост.** И покрај усогласувањето на дефиницијата на дискриминацијата во домашното законодавство и воведување на забрани за дискриминација во одредени поединечни закони, сепак дефиницијата на дискриминација не ги вклучува сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за дискриминација. Продолжува трендот на продукција на закони и национални и локални стратешки документи и планови кои се користат како оправдување за посветеноста на државата на ова поле, а кои не резултираат со напредок заради расчекорот помеѓу декларираните цели и обврски и спроведените активности за нивно остварување

[1] Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената претставува прв универзален документ кој на сеопфатен начин ги елаборира клучните прашања за елиминирање на дискриминацијата врз жената и предвидува цели и мерки кои државата треба да ги преземе за нејзино надминување. Оваа конвенција предвидува преземање на сеопфатни мерки за промовирање на принципот на родова еднаквост во политичкиот и јавен живот, образованието, вработувањето и правата од работен однос, здравствена заштита и права од областа на репродуктивно здравје, стопански и општествен живот, правна еднаквост и правна способност, бракот и семејните односи, стекнување, менување или задржување на државјанство, како и положбата на руралните жени.

[2] Прогресот на државите членки потписнички на оваа Конвенција, меѓу кои и на РМ се следи врз основа на донесени заклучни препораки од страна на Комитетот ( Заклучните препораки врз основа на кои се анализираше напредокот на РМ од поднесениот извештај во 2006 до поднесениот извештај во 2013 година се достапни на на http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N06/238/24/PDF/N0623824.pdf?OpenElement).

**2. Државата не обезбедува потребни ресурси, посебно финансиски ресурси за имплементирање на активностите во однос на родовата еднаквост. Приоритетите, динамиката и видовите на мерките кои се спроведуваат на ова поле во голема мера зависи од странската финансиска помош, а не од средствата на Буџетот на РМ.**

**3. Положба на жената во семејството и различните сфери од општественото живеење е неповолна,** што е видливо од постојаниот тренд на промовирање на ретроградни традиционални и патријархални вредности помеѓу мажите и жените преку законодавни и програмски мерки и исклучително скапи медиумски кампањи.

- **Не постои формален одговор и адекватен одговор на надлежни институции во однос на справување по однос на одредени видови на насилство врз жени. Има висок степен на застапеност на одредени форми на насилство врз жени , посебно семејно насилство и психичко вознемирување на работно место.**
- **Не постои заштита од семејно насилство на истополови партнери.**
- **Има ниска и несоодветна застапеност на жените во политичкиот и јавниот живот.**
- **Ниска е стапката на користење на контрацепција од страна на жените во репродуктивниот период. Абортусот се уште се користи како метода за контрола на раѓањето.**
- **Не постои соодветна покриеност и вклучување на девојчињата во процесот на образование.**
- **Висока е стапката на невработеност, неактивност и ангажираност во неформален сектор на жените.**
- **Постојниот третман за зависности од дроги не е соодветен на потребите на жените кои користат дроги. Не постои пристап до соодветен третман, ниту пак програми за рехабилитација и ресоцијализација на момчиња и девојчиња. Не постојат здравствени услуги кои ги адресираат специфичните потреби на сексуалните работнички.**
- **Не постојат родово разделени податоци за корисниците на сите категории на социјална помош, ниту пак разделени податоци по етничка припадност, возраст, вид на корисник.**
- **Државата нема спроведено анализа за состојбата на руралните жени соодветно на заклучните препораки на Комитетот, ниту мерки за унапредување на нивната положба.**
- **Не постојат ефикасни и бесплатни механизми за обезбедување на правна помош и заштита на жените.**
- **Постои висок степен на прифатливост за склучување на договорени бракови и висок степен на малолетнички бракови.**
- **Не постојат посебни програми, меки и активности за унапредување на положбата на жените со телесна и интелектуална попреченост.**

На прес конференцијата ќе бидат презентирани секое од горенаведените наоди за состојбата на жената во РМ. **На прес конференцијата ќе имаат излагање следниве претставници:** Марија Гелевска, Здружение ЕСЕ, Марија Савовска, Акција Здруженска и Наташа Бошковска ,Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“.

**Лице за контакт:**

Марија Гелевска, Здружение ЕСЕ, тел: 3298-295, моб. 070/380-583

Марија Савовска , Акција Здруженска, тел:3215-660, моб. 070/272-942